Кошаркарска Федерација на Северна Македонија

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Почитувани,

1. Согласно членот 23, точка 3 од Регистрацискиот правилник на КФСМ, **од 17.07.2023 година официјално започнува пријавувањето на екипите кои ќе се натпреваруваат во младинските лиги за сезона 2023/24 година. Пријавувањето ќе трае се до 16.08.2023 година, (среда).**

2. Согласно членот 1.3 од Пропозициите за натпреварување во младинските лиги, во новата сезона 2023/24 ќе бидат организирани следните натпреварувања во **машка** и **женска** конкуренција:

| Младински натпреварувања сезона 2023/24 | Број на екипи 2022/2023 | Машка конкуренција 2023/24 | Женска Конкуренција 2023/24 | Систем за натпреварување 2023/24 | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Единствена лига | Две лиги (Прва и Втора) |
| М-18 (2006 и помлади) | 24 | ✓ | | | ✓ |
| М-18 (2006 и помлади) | 14 | | ✓ | ✓ | |
| М-16 (2008 и помлади) | 28 | ✓ | | | ✓ |
| М-16 (2008 и помлади) | 13 | | ✓ | ✓ | |
| М-14 (2010 и помлади) | 21 | ✓ | | ✓ | |
| М-14 (2010 и помлади) | 12 | | ✓ | ✓ | |
| М-12 (2012 и помлади) | 16 | ✓ | | ✓ | |
| М-12 (2012 и помлади) | 10 | | ✓ | ✓ | |

3. Согласно членот 7.1 од Пропозициите за натпреварување во младинските лиги, бројот на екипите во секоја лига, како и правото за настап во секоја лига го определува КФСМ, за секоја натпреварувачка сезона. Правото на играње во сезоната 2023/24, го остваруваат клубовите согласно резултатите и пласманот од претходната натпреварувачка 2022/23 сезона. Клубови кои ги подмириле своите финансиски обврски кон КФСМ и новопријавените екипи согласно членот 6 од Регистрацискиот правилник на КФСМ.

**Организација на натпреварувањето во М-18 лигата во машка конкуренција, сезона 2023/24**
**Пласман на екипите од М18 лигата - мажи во натпреварувачка сезона 2022/23**

| Бр. на екипи | М-18 лигата во машка конкуренција сезона 2022/23 | После прв дел и Ф4 | | |
|---|---|---|---|---|
| | | поб | пор | кр |
| 1 | Вардар | 10 | 2 | 275 |
| 2 | Водно Санс | 12 | 0 | 374 |
| 3 | Работнички 2018 | 12 | 0 | 545 |
| 4 | Феникс 2010 | 11 | 1 | 351 |
| 5 | Чаир 2030 | 9 | 3 | 32 |
| 6 | МЗТ Аеродром Скопје | 8 | 4 | 162 |
| 7 | Црн Дрим | 8 | 4 | 114 |
| 8 | Академија ФМП | 8 | 4 | 85 |
| 9 | Баскет Дино | 8 | 4 | 68 |
| 10 | Гостивар | 7 | 5 | 19 |
| 11 | МКК Куманово | 6 | 6 | 36 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12 | Еуро Никел | 6 | 6 | -25 |
| 13 | Ангели | 6 | 6 | -73 |
| 14 | Кожув | 5 | 7 | -74 |
| 15 | Работнички АД | 2 | 10 | -86 |
| 16 | Пелистер | 2 | 10 | -203 |
| 17 | Љуботен | 2 | 10 | -288 |
| 18 | Борец Баскет | 2 | 10 | -297 |
| 19 | Баскет Кам | 1 | 11 | -260 |
| 20 | Водно Санс 2 | 1 | 11 | -332 |
| 21 | ГКК Охрид | 1 | 11 | -260 |
| 22 | ТФТ | 2 | 14 | -323 (16) |
| 23 | Вибас | 1 | 13 | -503 (14) |
| 24 | Шкупи | 0 | 12 | -461 |

Согласно членот Д.4.2 од Службените кошаркарски правила, ако сакаме да ги рангираме екипите од повеќе групи во една група, а екипите во групите одиграле различен број натпревари (12, 14 и 16 кола), тогаш натпреварите на последно пласираните екипи во групата со најмногу натпревари ќе се поништат, заради изедначување.
Овој процес ќе се повтори во сите групи додека бројот на натпревари не биде ист во сите групи.
Потоа ќе се применат следните критериуми:
• Подобар однос на победи - порази од сите одиграни натпревари, во нивниот ревидиран конечен пласман во групата,
• Поголема разлика во поени на сите натпревари, во нивниот ревидиран конечен пласман во групата,
• Поголем број на поени во сите натпревари, во нивниот ревидиран конечен пласман во групата,
• Доколку овие критериуми сѐ уште не можат да одлучат, соодветното рангирање во групите ќе одлучи за конечниот пласман.

**Квалификациите ќе се одиграат на 02.09.2023, 09.09.2023 и 16.09.2023 година, по принципот: дома - гости - дома (за носителот во групата).**
**Носители во осумте (8) групи се првопласираните осум (8) екипи од сезоната 2022/23 година**

| Група 1 | Група 2 | Група 3 | Група 4 | Група 5 | Група 6 | Група 7 | Група 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вардар | В. Санс 1 | Раб. 2018 | Феникс | Чаир 2030 | МЗТ А. Ск. | Црн Дрим | Ака. ФМП |
| Б. Дино | Гостивар | МКК Кум. | Е. Никел | Ангели | Кожув | Работ. АД | Пелистер |
| Љуботен | Борец Б. | Баскет К. | ГКК Охрид | ТФТ | Вибас | Шкупи | новопријавена |
| новопријавена | новопријавена | новопријавена | новопријавена | новопријавена | новопријавена | новопријавена | новопријавена |

**Пример за квалификациски циклус, група 1:**

- 02.09.2023 година, сабота, **Вардар** и екипа Баскет Дино,
- 02.09.2023 година, сабота, Љуботен и новопријавената екипа,
- 09.09.2023 година, сабота, новопријавената екипа и **Вардар**,
- 09.09.2023 година, сабота, Баскет Дино и Љуботен,
- 16.09.2023 година, сабота, **Вардар** и Љуботен,
- 16.09.2023 година, сабота, Баскет Дино и новопријавената екипа.

**По завршувањето на квалификациите, ќе се формира Прва лига М18, со најдобрите осум (8) екипи од секоја група. Сите останати екипи ќе ги формираат двете втори лиги во машката М18 конкуренција, исток (Г1) и запад (Г2). Лигите (М18 и М16) го започнуваат натпреварувањето на 23.09-24.09.2023 година.**

**Истиот систем на квалификации ќе биде и за М-16 лигата во машка конкуренција, а термините за одигрување на квалификациските натпревари се 03.09.2023, 10.09.2023 и 17.03.2023 година по истиот принцип, дома - гости - дома (за носителот во групата).**

4. Согласно членот 7.1.1 од Пропозициите за натпреварување во младинските лиги, во зависност од бројот на пријавените екипи, ќе биде направена поделба и по географска положба во првиот дел на натпреварувањето (втора лига - група исток (Г1) и група запад (Г2)). Поделбата ќе зависи и од тоа колку натпревари ќе одигра секоја екипа во првиот дел.

Екипите од Првата М18 лига во машка конкуренција ќе одиграат вкупно дваесет и еден (21) натпревар во регуларниот дел, односно:

- Четиринаесет (14) кола по принципот дома – гости, и
- Седум (7) кола, „ оролоџо".

**Осминафинална (1/8) фаза:**

По завршувањето на дваесет и едно (21) коло и согласно пласманот, односно:

- Осумте (8) екипи од Првата М18 лига – мажи,
- Четирите (4) најдобро пласирани екипи од Втората М18 лига – мажи, група 1 (исток), и
- Четирите (4) најдобро пласирани екипи од Втората М18 лига – мажи, група 2 (запад),

ќе ја формираат новата група од шеснаесет (16) екипи кои ќе се натпреваруваат во осминафиналето (1/8). Двојките во оваа фаза ќе бидат формирани по следниот редослед:

- 1-16 (**1**), 2-15 (**2**), 3-14 (**3**), 4-13 (**4**), 5-12 (**5**), 6-11 (**6**), 7-10 (**7**), 8-9 (**8**).

**Се играат два (2) натпревари, и подобриот кош количник ќе го одлучи патникот во четвртфиналната (1/4) фаза.**

**Четвртфинална (1/4) фаза:**

По завршувањето на двата (2) натпревари од осмина (1/8) финалето, се формираат четвртфиналните (1/4) двојки по следниот редослед:

- 1-8 (**1**), 2-7 (**2**), 3-6 (**3**), 4-5 (**4**).

**Се играат три (3) можни натпревари, или кој прв до две (2) победи. Победниците се пласираат во завршницата, финален турнир (Ф4).**

5. Согласно членот 7.1.3 од Пропозициите за натпреварување, клубовите кои нема да ги подмират своите финансиски обврски од изминатата 2022/2023 сезона кон федерацијата, нема да остварат право на настап во новата 2023/2024 сезона.

6. Согласно членот 13, точка 1 од Регистрацискиот правилник на КФСМ, клубот е должен во пропишаниот рок, да достави до Регистрациската комисија на КФСМ листа на играчи кои ќе настапуваат за клубот. Образецот можете да го најдете тука.

7. Согласно членот 13, точка 1.4 од Регистрацискиот правилник на КФСМ, со листата на играчи кои ќе настапуваат за екипата треба да бидат доставени и фотографии во дигитален формат (може и со квалитетна камера од мобилен телефон) од играчите, но и од службените лица на екипите (тренери, службени претставници, технички раководители, доктори, физиотерапевти и др.).
   Фотографиите треба да бидат направени на бела позадина, а играчите и службените лица облечени еднообразно во дресови, односно маички (кошули, блузони и др.) со обележја на клубот.

8. Согласно актите на ФИБА, еден играч може да настапува најмногу за две (2) младински селекции и за една сениорска селекција во истиот клуб, ист правен субјект.

9. Согласно членот 16.7 од Пропозициите за натпреварување во младинските лиги, извршување на должност, службените лица на екипата (тренери, службен претставник, технички раководител...) може да извршуваат најмногу две (2) функции во еден клуб. Својата должност

како службено лице може да ја извршува во младинска конкуренција и најмногу истата должност, или различна во една од сениорските селекции во истиот клуб. Не е дозволено службеното лице од еден клуб да обавува иста, или друга функција во друг клуб. Дозволено е истото лице да обавува и друга функција во својот клуб (пр. тренер во клуб кој се натпреварува во младинска лига и службено лице во истиот клуб во една од сениорските селекции, или обратно).

10. Согласно членовите 16.3, 19.2, 19.3 и 39 од Пропозициите за натпреварување во младинските лиги, натпревар од младинските лиги нема да започне доколку екипата домаќин не ги исполнила следните услови:

- Да го пријави натпреварот во надлежната полициска станица,
- Да обезбеди редарска служба,
- Да обезбеди дежурен лекар на натпреварот, и
- Натпреварот да биде пренесуван во живо - livestream за екипите кои играат во М18 и М16 лигите,
- Натпреварот да биде пренесуван во живо - livestream, или да се снима, за екипите кои играат во М14 и М12 лигите. Доколку натпреварот биде сниман, а согласно членот 39.3 од Пропозициите за натпреварување во младинските лиги, снимaниот материјал треба да биде доставен до канцеларијата на федерацијата најдоцна 24 часа по завршување на натпреварот.

11. **Висината на котизацијата за натпреварувањето во младинските лиги за сите екипи во сите категории ќе изнесува 100 евра во денарска противвредност.**
**Котизацијата ќе мора да биде подмирена најдоцна до 16.08.2023 година!**

**НАПОМЕНИ:**

- Во зависност од бројот на пријавените екипи во другите категории, ќе бидат креирани и системите за натпреварување за сезона 2023/2024.

- Еден клуб може да пријави само една екипа во една генерација.

- Надокнадата за службените лица во првиот дел, осминафиналната (1/8) и четвртфиналната (1/4) фаза ја подмируваат сите екипи за сезона 2023/2024.

- Патните трошоци за службените лица во првиот дел, осминафиналната (1/8) и четвртфиналната (1/4) фаза од натпреварувањето ги подмируваат сите екипи за сезоната 2023/2024.

- Надокнадата и патните трошоци за службените лица во финалната фаза (Ф4) во сите категории ги подмирува федерацијата за сезона 2023/24.

- Задолжителна е статистика во живо (livestats) во финалната фаза (Ф4). Надокнадата за лицата која ќе ја водат истата, ја подмирува федерацијата за сезона 2023/24.

- Дел од котизацијата ќе биде искористена за формирање на награден фонд за првопласираните четири (4) екипи за секоја категорија

Поздрав,

Комесар за натпреварување

Александар Милојевиќ